ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА
СКОПЈЕ
Бр. 03-21/24
11. 06. 2024 год.
СКОПЈЕ

Занаетчиска Комора Скопје

**Предмет: Барање за доставување на понуди за експертски услуги за спроведување на обуки за жени занаетчии и вработени во занаетчиски комори**

1. Занаетчиска комора Скопје за потребите на иницијативата ,,ТАА ЗАНАЕТЧИЈА-Зајакнување на жените, овозможувајќи им успех", спроведувана како дел од проектот „Активност за јакнење на деловниот екосистем" финансиран од УСАИД и имплементиран од Консалтинг за стратешки развој, Ве поканува да доставите понуда за:

-Експертски услуги за реализација на 4(четири)–обуки за пристап до финансии, водење бизнис, пресметка на цени и пронаоѓање нови клиенти за жени претприемачи и 4 (четири)_обуки за обучувачи за пристап до финансии, водење бизнис, пресметка на цени и пронаоѓање нови клиенти за вработени во комората.

2.Краток опис на проектот

Општата цел на иницијативата **,,ТАА ЗАНАЕТЧИЈА-Зајакнување на жените, овозможувајќи им успех**"е да се зајакне женското претприемништво преку создавање законски услови за легализација на дополнителната работа и јакнење и поттикнување на жените да ги користат можностите за вработување и самовработување во занаетчискиот сектор.Една од специфичните цели на иницијативатае јакнење на капацитетите на жените претприемачки за пристап до финансии, управување со претпријатие и формирање на цена, како и јакнење на капацитетите на вработените во занаетчиските комори како лица кои ќе реализираат обуки во наведените области, што воедно ќе ја зајакне понудата на услуги кон членството.

Поради остварување на овие цели, Занаетчиската комора-Скопје има потреба од експерт_кој ќе спроведе 4 (четири)обуки за пристап до финансии, водење бизнис, пресметка на цени и пронаоѓање нови клиенти за жени претприемачки и 4 (четири)обуки за пристап до финансии, водење бизнис, пресметка на цени и пронаоѓање нови клиенти за вработени во коморите.

**4. Задачи што треба да ги извршиекспертот**

- Работен план со временска рамка за реализација на севкупниот ангажман
- Развивање на програма за обука за жени претприемачи и програма за обука за вработените во комората;

- -Подготовка на материјали за обуката за жени претприемнички (агенда, презентации, вежби, студии на случај, тестови/прашалници за евалуација на знаењето на учесниците пред и по обуката и сл.);
- Подготовка на материјали за обуката за обучувачи/ вработените во Комората (агенда, презентации, вежби, студии на случај, тестови/прашалници за евалуација на знаењето на учесниците пред и по обуката и сл.);
- Испорака на 8 обуки и тоа:
- 4 (четири) обуки за пристап до финансии, водење бизнис, пресметка на цени и пронаоѓање нови клиенти за жени претприемач за 40 жени претприемачки и 4 обуки за обучувачи за пристап до финансии за 14 лица и водење бизнис, пресметка на цени и пронаоѓање нови клиенти за вработени во занаетчиските комори за 14 лица
- Евалуација на обуките
- Извештај за реализацијата на севкупниот ангажман кој ќе ги вклучува и резултатитеод спроведените обуки согласно спроведената евалуација на знаењето на учесниците;.

**5. Клучни испораки и рокови Следните резултати треба да бидат доставени на проектниот тим**

- Работен план со временска рамка за реализација на севкупниот ангажман – заклучно до 01.07.2024
- Развивање на програма за обука за жени претприемачи и програма за обука за вработените во комората- заклучно до 15.07.2024
- Подготовка на материјали за обуката за жени претприемнички (агенда, презентации, вежби, студии на случај, тестови/прашалници за евалуација на знаењето на учесниците пред и по обуката и сл.);Подготовка на материјали за обуката за обучувачи/ вработените во Комората (агенда, презентации, вежби, студии на случај, тестови/прашалници за евалуација на знаењето на учесниците пред и по обуката и сл.);-заклучно до 01.08.2024 год

  -Испорака на 8 обуки и тоа:

  4 (четири) обуки за пристап до финансии, водење бизнис, пресметка на цени и пронаоѓање нови клиенти за жени претприемач за 40 жени

претприемачки  и 4 обуки за обучувачи за пристап до финансии за 14 лица и , водење бизнис, пресметка на цени и пронаоѓање нови  клиенти за вработени во занаетчиските комори за 14 лица-заклучно до 30.09.2024 година

-Евалуација на обуките-заклучно до 05.10.2024 година

-Извештај за реализацијата на севкупниот ангажман кој ќе ги вклучува и резултатитеод спроведените обуки согласно спроведената евалуација на знаењето на учесниците-заклучно до 15.10.2024 година

**6.Критериуми за избор на експерт(и) -квалификации и компетентност**

**-Завршено високо образование во областа на економијата**

**-Минимум 10 години искуство во областа на бизнис менаџмент**

**-Спроведени најмалку 10(десет) обуки во областа на пристап до финансии и управување со бизнис, од кои минимум 3 (три) за развој на женско претприемништво**

**VII. Начин на аплицирање**

Понудите треба да се достават на англиски јазик и да ги содржат следниве документи:

- Ажурирана и релевантна професионална биографија на експертот/-ите;
- Предложена методологија и временска рамка за реализација задачата;
- Финансиска понуда изразена воденарибез вклучен ДДВ;
- Споредлива референтна листа на спроведени обуки за развој на претприемништво.

Повикот е отворен за физички лица. Понудата треба  да ги содржи имињата и целосните биографии на експертот -, експертите/ките кои директно ќе работат на реализација на задачата. Доколку се работи за тим од експерти, потребно е да се наведе кој е тим лидер.

Прашања поврзани со повикот може да се достават најдоцна до 18.06.2024 година. на следнавае-маил адреса:info@zkomora.com.mk. Бараните документи треба да се достават на следнава е-маил адреса: info@zkomora.com.mk, најдоцна до 20.06.2024., до 16:00 часот. Некомплетните понуди нема да се разгледуваат за евалуација.

Занаетчиска комора Скопје

Претседател

Горан Ристовски

ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ